УПАТСТВО ЗА ПАЦИЕНТОТ

# АВАРИКОН®

КАПСУЛИ

300 mg, капсула, тврда

**ИНН: троксерутин**

**Внимателно прочитајте го ова упатство, затоа што содржи информации кои се важни за Вас.**
Овој лек може да се набави без лекарски рецепт. Меѓутоа, неопходно е внимателно да го употребувате лекот **АВАРИКОН**, за со него да постигнете најдобри резултати.

- Чувајте го упатството. Можеби ќе треба повторно да го прочитате.
- Ако имате дополнителни прашања, обратете се кај фармацевт.
- Доколку Вашите симптоми се влошуваат или не Ви биде подобро, мора да се обратите кај својот лекар.

*Доколку некое несакано дејство стане озбилно или забележите некое несакано дејство кое не е наведено во ова упатство, Ве молиме за тоа да го известите својот лекар или фармацевт.*

**Во ова упатство ќе прочитате:**
1. Што е лекот АВАРИКОН и за што е наменет
2. Што треба да знаете пред да го земете лекот АВАРИКОН
3. Како се употребува лекот АВАРИКОН
4. Можни несакани дејства
5. Како да се чува лекот АВАРИКОН
6. Дополнителни информации

## 1. ШТО Е ЛЕКОТ АВАРИКОН И ЗА ШТО Е НАМЕНЕТ

Лекот Аварикон се употребува за лечење на симптомите на хронична венска инсуфициенција (ХВИ) (уморни, тешки, натечени нозе, грчеви, отрпнати и „немирни нозе“) и акутен хемороидален синдром.

Исто така делува на најмалите крвни садови (капилари), намалувајќи ја пропустливоста на вода и други супстанци низ ѕидот. Кај пациенти со проширени вени и други заболувања на вените на нозете, овие мали крвни садови имаат голема пропустливост што предизвикува натекување на зглобовите. Аварикон го намалува ова отекување и ги олеснува општите симптоми како што се болни, уморни, тешки нозе и грчеви. Се препорачува таквите пациенти да носат еластични завои (најчесто компресивни чорапи).

Кај хемороиди, АВАРИКОН ќе го намали отокот околу анусот и ќе ги олесни симптомите како што се јадеж, крварење и влажнење.

## 2. ШТО ТРЕБА ДА ЗНАЕТЕ ПРЕД ДА ГО ЗЕМЕТЕ ЛЕКОТ АВАРИКОН

**Лекот АВАРИКОН не смеете да го употребувате:**
- доколку сте преосетливи на активната супстанца или на која било состојка од лекот АВАРИКОН.

**Кога го земате лекот АВАРИКОН, посебно водете сметка:**
Нема посебни предупредувања.

**Употреба на други лекови**
Нема познати интеракции.

**Земање на лекот АВАРИКОН со храна и пијалоци**
Се препорачува земање на лекот АВАРИКОН за време на оброк

**Употреба на лекот АВАРИКОН во период на бременост и доење**
Со оглед на тоа дека податоците за употребата на лекот Аварикон во првиот триместар се сиромашни, овој лек би требало да се употребува во бременост само после консултација со својот лекар.
Кај луѓе нема спроведено студии кои покажуваат да ли троксерутин поминува во млекото. Во студиите со животни е забележано мало количество на троксерутин во млекото, дури и при употреба на високи дози, без влијание на доенчето.
Пред да почнете да земате некој лек, посоветувајте се со својот лекар или фармацевт.

**Влијание на лекот АВАРИКОН на управување со моторни возила и ракување со машини**
Не е докажано влијание на лекот АВАРИКОН на управување со моторни возила и ракување со машини.

## 3. КАКО СЕ УПОТРЕБУВА ЛЕКОТ АВАРИКОН

Строго придржувајте се до советите на лекарот при употреба на лекот АВАРИКОН. Доколку не сте сигурни како треба да се употребува лекот, проверете го тоа со Вашиот лекар или фармацевт.

Лекот АВАРИКОН е наменет за орална употреба.

Препорачана почетна доза е:
- 300 mg (1 капсула) три пати дневно до повлекување на симптомите. Доза на одржување е 300 mg (1 капсула) два пати дневно. Терапијата треба да трае најмалку 2-4 недели.

Капсулите треба да се проголтат со доволно количество на течност, по можност во тек на оброк, за да се спречи иритација на гастроинтестиналниот тракт.
- Хемороиди:

Доколку знаците на акутен хемороидален синдром не се повлечат во рок од 15 дена, потребно е пациентот да се обрати за совет кај лекар или фармацевт.
- Венска инсуфициенција:

Со ова терапија се постигаат најдобри резултати во комбинација со здрави животни навики. Пациентот треба да се советува да избегува изложување на сончева светлина, топлина, продолжено стоење и зголемување на телесната тежина. Шетањето и носењето на специјални чорапи за вени ја подобруваат венската циркулација.

**Ако сте земале повеќе од лекот АВАРИКОН одколку што требало**
Не се познати случаи на труење заради предозирање со лекот Аварикон.

**Ако сте заборавиле да го земете лекот АВАРИКОН**
Никогаш не земајте дупла доза за да го надоместите тоа што сте прескокнале да го земете лекот! Продолжете со земање на следната доза во вообичаено/за тоа предвидено време.
Доколку имате дополнителни прашања за употреба на лекот, посоветувајте се со Вашиот лекар или фармацевт.

## 4. МОЖНИ НЕСАКАНИ ДЕЈСТВА

Како и секој друг лек и лекот АВАРИКОН може да предизвика несакани дејства кои не мора да се појават кај секој.
При употреба на лекот пријавени се следните несакани дејства, кои се рангирани врз основа на зачестеноста : многу чести (> 1/10 ), чести ( >1/100, <1/10 ), повремени ( >1/1000, <1/100 ), ретки ( >1/10000, <1/1000 ), многу ретки ( <1/10000 ), непозната зачестеност (не може да се утврди врз основа на достапните податоци).
Многу ретко се пријавувани благи несакани реакции (алергиски реакции на кожата, благи гастроинтестинални пореметувања, главоболка, црвенило) кои исчезнувале брзо после прекинување на терапијата.
Доколку некое несакано дејство стане озбилно или забележите некое несакано дејство кое не е наведено во ова упатство, Ве молиме за тоа да го известите својот лекар или фармацевт.

## 5. КАКО ДА СЕ ЧУВА ЛЕКОТ АВАРИКОН

**Рок на употреба**
36 месеци

**Чување**
Чувајте го во оргиналното пакување на температура до 30°C.

## 6. ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

**Како изгледа лекот АВАРИКОН и содржина на пакувањето**
Аварикон капсулите од 300 mg содржат гранулат со жолта боја со дводелни, непровидни, тврди капсули со бордо-црна боја. Телото на капсулата е со непровидна бордо боја, а капата е со непровидна црна боја. Едно оригинално пакување содржи три блистери со по 10 капсули и упатство за употреба во картонска кутија.

Лекот може да се издава без лекарски рецепт.

**Носител на дозволата и производител**

Носител на одобрение за пуштање во промет:
Претставништво Фарманова Скопје
Булевар Видое Смилевски Бато бр. 85, Скопје,
Република Северна Македонија

Производител:
Pharmanova d.o.o., Индустријска 8, 11500 Обреновац,
Република Србија

**Датум на ревизија на текстот:**
**Јануари, 2022**

**Број и датум на одобрение за пуштање во промет:**
11-3190/2 од 13.02.2023.

## *6 ЕДНОСТАВНИ СОВЕТИ ЗА ЗДРАВЈЕ НА ВАШИТЕ НОЗЕ*


1. Движете се, кога и да можете.


2. Одберете соодветен спорт (одење, гимнастика, велосипедизам, пливање).


3. Избегнувајте извори на топлина (сончање, депилација со топол восок, подно греење, топли купки, сауна, електрично ќебе).


4. Борете се против затвор и зголемена телесна тежина.


5. Избегнувајте претесна облека и обувки со превисоки или прениски потпетици.


6. Подобрете ја венската циркулација во тек на сонот - нека Вашите нозе во креветот бидат подигнати 10 до 15 сантиметри.

PHARMANOVA

3203071-4

PHARMANOVA

Proizvod/Product:
**AVARICON kapsule uputstvo**

Zemlja/Country: **Makedonija**

Dimenzije/Dimensions: **170x240 mm**

Šifra pripreme/Item code: **3203071-4**

Boja/Colour: **1/1**
**crna**

Datum/Date of Issue: **24.02.2023.**

Dizajn odobrio/Design approved by:
**Tovirac Zoran**

Text odobrio/Text approved by:
**Tanja Matić**